**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 27/80
01.09. 2023 год.
Скопје

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ
## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПАТНИЦИ ВО ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Усвоени со одлука на Управен одбор број 0202-27/79 од 01.09.2023 година

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 01.09.2023 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последици на несреќен случај (незгода) (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последици на несреќен случај, што договорувачот на осигурувањето врз основа на Законот ќе го склучи со **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ** (во понатамошен текст: осигурувач)

Договорувач на осигурувањето е правно лице кое обавува јавен превоз на патници односно лица кои се овластени да обавуваат јавен превоз на патници.

Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурени без оглед на годините на старост, здравствената состојба и општата работна способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (3) точка 5 од Општите услови.

По исклучок од одредбите на Општите услови осигурени се и душевно болните лица и лицата потполно лишени од деловна способност во колку им настане несреќен случај само во јавниот превоз во некои од средствата на јавниот превоз.

Патник се смета секое лице кое заради патување се наоѓа во едно од средствата за јавен сообраќај без оглед дали има возна карта или не, како и лицата што се наоѓаат во станичниот простор, пристаништето или во непосредна близина на превозното средство пред влегувањето односно по излегувањето, за кое ќе се докаже дека имало намера да патува со односното превозно средство, односно дека со него патувало, освен лицата вработени во односното превозно средство и лица кои за време на престојот на возилото во станицата или на местото одредено за влегување и излегување на патниците обавуваат некаква службена работа во врска со работењето со возилата и тоа било на самото возило или вон него.

Патник се смета и лицето што има право на бесплатно возење по било кој основ.

Докажувањето дека некое лице бил патник, во смисла на претходниот став, паѓа врз товар на корисникот на осигурувањето.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 2

Осигурувањето за секој поодделен осигуреник трае се додека се смета за патник во смисла на член 1 став (5) од овие Дополнителни услови.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 3**

Осигурувачот е во обврска само за оние несреќни случаи што се во непосредна причинска врска со патувањето и употребата на превозно средство.

Обврска на осигурувачот постои ако несреќниот случај настане на патник при превоз со сообраќајно средство со кое било дозволено, според важечките прописи. Во случај на сомневање дали возењето било дозволено со односното превозно средство, надлежно е мислењето на надлежниот сообраќаен орган.

Ако е платена одредена премија, осигурувачот е во обврска и за несреќни случаи кои ќе настанат на патник вон границите на РМ под услови утврдени со договорот за осигурување.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 10 ГОДИНИ

**Член 4**

Кога поради несреќен случај ќе настапи смрт на осигурениот патник, помлад од 10 години, осигурувачот е во обврска да исплати само 50% од осигурената сума за случај на смрт означена во полисата.

## ПРАВО НА НАДОМЕСТ

**Член 5**

Со исплатата на осигурената сума, односно надомест на осигурувачот преминуваат, до висината на извршената исплата, правата на корисникот на осигурувањето за надомест на штетата спрема трети лица кои, по било кој основ се одговорни за штетата причинета со несреќен случај, освен спрема лицето кое го склучило договорот за осигурување.

Ако корисникот на осигурувањето поради несреќен случај претрпи материјална штета поголема од износот што му е исплатен по основ на осигурувањето по овие Дополнителни услови, корисникот има право на надомест од лицето одговорно за штета само за оној дел на штетата што ја надополнмува исплатената осигурена сума, односно надоместот по основ на ова осигурување.

## НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

**Член 6**

Ако поинаку не е договорено, премијата за осигурување се пресметува врз основа на вкупната вредност на продадените возни билети на сите патници во текот на цел месец на траење на осигурувањето, и тоа до 30/ти во месецот за изминатиот месец. До тој рок договорувачот е должен на осигурувачот да му го пријави вкупно остварениот износ по продадените возни билети и да ја изврши уплатата на соодветната премија.

Договорувачот е должен да му ги стави на увид на осигурувачот сите книги и други евиденции од кои може да се утврди вредноста на продадените возни билети.

Договорувачот е должен договорениот износ на премијата да му го плаќа на осигурувачот за сите осигуреници од кои е должен да наплати возни билети и за сето времетраење на осигурувањето во рокот од став (1) на овој член. Ако премијата се испраќа по пошта, се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден кога е уплатена во пошта а ако се плаќа со вирман се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден, на кој е предаден вирманскиот налог во банка. Ако догворувачот не ја плати должната премија ниту во рок од три месеци од денот

на нејзината стасаност, осигурувачот може да го раскине договорот без отказен рок.

Обврската на осигурувачот спрема секој осигуреник поединечно постои и кога договорувачот не ја уплатил премијата во предвидениот рок, ако осигурениот случај настане за времетраење на осигурувањето во смисла на член 3 од овие Дополнителни услови.

## ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

### Член 7

Договорувачот на осигурувањето е должен на посебен образец (записник за несреќен случај) да го регистрира секој настанат несреќен случај на патниците, да ја испита причината и начинот на неговото настанување, потоа да го пријави на осигурувачот секој оној случај кој по овие Дополнителни услови има влијание врз обврската на осигурувачот.

Повредениот патник е должен веднаш да му се пријави на службениот персонал на односното превозно средство за да може таков случај да се регистрира во смисла на претходниот став. Доколку тоа не го дозволува неговата здравствена состојба, должен е да го стори тоа кога ќе му биде можно дополнително да се пријави кај надлежниот превезувач.

Договорувачот е во обврска спрема осигурувачот, на негово барање да му ги овозможи и сите други потребни известувања, за разјаснување на секој пријавен несреќен случај.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 8

Овие Дополнителни услови се составен дел на Договорот за задолжително осигурување на патниците кој е склучен во смисла на Законот за осигурување и Општите услови.

### Член 9

Постапка по приговори
Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба
Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови
Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

### Член 10
### Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ

ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

**Член 11**
**Основ и цел за обработка на лични податоци**

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 12**
**Пренос на личните податоци**

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 13**
**Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 14**
**Права на субјектите на личните податоци**

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 15**
**Рокови на чување на лични податоци**

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Елизабета Божиновска**

ГРАВЕ НЕЖИВОТ
Скопје